НСДП

НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА

ДЕКЛАРАЦИЈА

ЗА ЗАШТИТА НА ТРУДОТ

31 мај 2026 година, Скопје

Во услови на глобални економски промени, технолошка револуција и растечка економска нееднаквост, социјалдемократијата повторно го поставува суштинското прашање: Како создаденото богатство и економскиот раст да служат на луѓето, а не само на капиталот?

Современата економија создава огромна вредност, но таа вредност сè почесто се концентрира во рацете на мал број носители на капитал, додека трудот – иако ја создава таа вредност – не е соодветно вреднуван. Оваа нерамнотежа не е само економски проблем, туку и демократски предизвик, затоа што силната демократија се темели врз силна средна класа, стабилни работни места и достоинствено вреднуван труд.

Социјалдемократијата отсекогаш ја носела идејата за социјална правда, солидарност и економска рамнотежа меѓу трудот и капиталот. Во центарот на оваа политичка филозофија е уверувањето дека економскиот напредок има смисла само доколку се одразува врз животниот стандард и сигурноста на граѓаните.

Токму затоа современата социјалдемократија ја афирмира идејата дека трудот не е само фактор на производство – трудот е капитал, општествена вредност и темел на демократското општество.

Уште во 2010 година, НСДП ја постави оваа визија во својот програмски документ „И трудот е капитал!“, испраќајќи јасна порака дека економскиот развој мора да се темели врз достоинствен труд, социјална правда и солидарност.

Оваа идеја произлегува од основното уверување дека човечкиот труд е клучниот двигател на развојот, а работниците се носители на економскиот и општествениот прогрес.

Во изминатите две децении, НСДП континуирано се бореше за подобрување на положбата на работниците. Нашата политичка активност се темелеше врз конкретни политики и иницијативи – за воведување и раст на минималната плата, за повисоки и праведни плати, за подобри законски решенија во работните односи, за поддршка на синдикалното организирање и заштита на правото на штрајк, како и за обезбедување материјална сигурност за работниците погодени од транзициските и стечајните процеси.

Гласот на работниците НСДП го бранеше и преку институционална борба, но и преку јавни иницијативи и протести, особено на 1 Мај – Денот на трудот, како симбол на солидарноста и борбата за работничките права.

Денес, во време на глобални економски промени, дигитализација и нови форми на работа, борбата за достоинствен труд добива нова димензија.

Современата социјалдемократија се залага за економија која создава просперитет, но истовремено обезбедува праведна распределба на богатството и сигурност за секој работник.

Нова социјалдемократска партија, имајќи ги предвид погоре наведените околности, а пред сè тешката општествена и економска положба на обичните работници, нефункционирањето на економско-социјалниот дијалог, понижувањето на синдикалната борба, како и отсуството на реални кризни мерки за поддршка на најранливите и најзагрозените граѓани, на својот VII Конгрес ја реафирмира заложбата за заштита на трудот и за негово вистинско вреднување во процесот на создавање и распределба на општественото богатство.

Водена од овие принципи и од определбата за праведно и солидарно општество, Нова социјалдемократска партија на VII Конгрес имајќи го во предвид мотото: „И трудот е капитал!“, согласно член 35 од Статутот на НСДП, ја донесува следната:

ДЕКЛАРАЦИЈА
ЗА ЗАШТИТА НА ТРУДОТ

„20 години постоење на НСДП – 20 заложби за достоинството на трудот“

1. НСДП ја продолжува борбата за достоинствена минимална плата!

Минималната плата мора да обезбедува достоинствен живот и да го следи растот на трошоците за живот.

2. НСДП се залага за раст на платите како приоритет на економската политика!

Економскиот раст мора да се претвора во повисоки плати и подобар животен стандард.

3. НСДП поддржува силни синдикати!

Синдикатите се клуч за заштита на работничките права.

4. НСДП го брани загарантираното право на штрајк!

Штрајкот е демократски механизам за заштита на работничките интереси.

5. НСДП предлага реформи и модерно трудово законодавство!

Донесување на модерно трудово законодавство преку норми што ги штитат работниците во новите економски услови и ги унапредуваат работничките права.

6. НСДП се залага за системска борба против сивата економија!

Непријавената работа ги лишува работниците од права.

7. НСДП предлага јакнење на трудовата инспекција!

Ефикасна инспекција е гаранција за почитување на законите, преку зголемување на бројот на инспектори, дигитални системи за пријавување прекршувања и транспарентни извештаи.

8. НСДП се залага за подобри и побезбедни услови за работа!

Секој работник има право на безбедно и здраво работно место.

9. Намалување на прекарната работа!

Несигурните форми на работа создаваат економска нестабилност, затоа треба ограничување на краткорочни договори и стимули за трајни вработувања.

10. Заштита на работниците во дигиталната економија!

Новите технологии создаваат нови форми на труд и треба законска заштита за платформските работници, право на социјално осигурување, регулирање на дигиталните платформи**.**

11. Праведна зелена транзиција!

Енергетската трансформација да создава нови работни места, да се спроведуваат програми за преквалификација, инвестиции во зелени индустрии, поддршка за региони зависни од традиционална индустрија.

12. Инвестиции во образование и обуки!

Знаењето е основа за стабилна работа. Образование и студиски програми прилагодени на потребите на новото време. Стимулирање на практикантска и волонтерска работа.

13. Поддршка за младите работници!

На младите им треба стабилно вработување во сопствената држава. Неопходни се континуирани програми за прво вработување, поддршка за стартапи, намалување на младинската невработеност.

14. Родова еднаквост на пазарот на труд!

Еднаква плата за еднаква работа. Контрола на евентуалниот родов јаз во платите, политики за баланс работа–семејство, поддршка за женско претприемништво.

15. Социјална сигурност за работниците!

Државата мора да обезбеди сигурност во време на промени преку подобрување на системот на социјална заштита, поддршка за невработени и програми за повторно вработување.

16. Економска демократија!

Работниците да учествуваат во одлучувањето во компаниите. Синдикални претставници во управни тела, транспарентност во објавувањето на добивката на фирмите, учество во профитот.

17. Развој на домашната економија!

Силната економија создава стабилни работни места преку поддршка за домашни мали и средни компании, индустриски политики за нови инвестиции и стимули за продуктивни сектори.

18. Продолжување на поддршката за стечајните работници!

Работниците погодени од стечај мора да продолжат да добиваат соодветен надоместок.

19. Социјален дијалог како основа на економската политика!

Политиките се креираат во партнерство со социјалните партнери, затоа неопходно е јакнење на Економско-социјалниот совет, редовни консултации со синдикатите и транспарентни економски политики.

20. Економија што го става човекот во центарот!

Развојот мора да служи на луѓето, а не само на профитот. Потребни се социјално одговорни политики, намалување на нееднаквоста и создавање силна средна класа.

*

* *

VII Конгрес на НСДП ја потврдува историската и политичка мисија на Нова социјалдемократска партија – силно и чесно да се бори за достоинството на трудот и за правата на работниците.

Без заштитен работник нема стабилна економија!

Без праведни плати нема социјална сигурност!

Без силна средна класа нема стабилна демократија!

Во време на нови економски предизвици, НСДП останува доследна на своите основни вредности **– солидарност, социјална правда и достоинствен труд.**

Затоа, VII Конгрес на НСДП повторно ја испраќа пораката која ја води нашата политика:

Трудот создава вредност!

Трудот создава општество!

И трудот е капитал!